# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 1 година XXXI



Април 2018 г.

# Програмски активности на РЦПЛИП – ПОРАКА во 2018 година

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА во 2018 година ќе продолжи со реализација на активностите кои произлегуваат од поставените цели и принципи на делување.

Една од основните активности на РЦПЛИП – ПОРАКА е одржување, развивање и унапредување на работата во социјалните сервисни служби во местото на живеење. Во 2018 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да лобира за воведување на соодветни регулаторни механизми кои ќе овозможат еднаков пристап на НВО секторот во областа на пружање услуги од социјалната заштита преку лиценцирање и склучување на договори за партнерски односи и финансирање на активностите во дневните центри. Во текот на 2018 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи со иницирање пред локалните самоуправи, со цел активно да учествуваат во процесот на одржливоста и отворањето на нови дневни центри во своите општини, согласно Законот за локална самоуправа. Воедно РЦПЛИП -ПОРАКА ќе продолжи и со своите активности во насока на промовирање на нови сервисни служби за поддршка на лица со интелектуална попреченост.

Унапредувањето на законските можности за остварување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост е редовна и континуирана активност на РЦПЛИП – ПОРАКА. Во 2018 година особено внимание ќе се посвети на процесот на имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, како исклучително значаен документ кој има правно-обврзувачки карактер за државите кои го ратификувале.

Во текот на 2018 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да имплементира активности поврзани со подигнување на јавната свест во однос на потребите и правата на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Овие активности претставуваат програмско продолжение на досегашните кампањи на РЦПЛИП – ПОРАКА, а ќе бидат насочени кон истакнување на потребата од ефективно имплементирање на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, и промовирање на правото на достоинствен живот во заедницата за лицата со интелектуална попреченост преку соодветни сервисни служби.

Заради поефективно остварување на програмските задачи на локалните организации, дел од редовните активности на РЦПЛИП – ПОРАКА се и координација и стручно-методолошка поддршка на локалните организации. Понатаму, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи со спроведувањето на спортско рекреативните активности за корисниците на дневните центри, кои имаат повеќекратни придобивки, како за самите лица со интелектуална попреченост, така и за нивните семејства, но и за персоналот во дневните центри.

Во 2018 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи и со соработката воспоставена на меѓународно ниво со ЕАСПД и други асоцијации и ќе учествува во заеднички иницијативи, активности и проекти кои произлегуваат од членството во овие организации. РЦПЛИП – ПОРАКА, исто така, ќе продолжи со спроведувањето на активностите во рамките на партнерските проекти кои се реализираат на европско ниво. Исто така, издавачката и информативната дејност, која е редовна активност на РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да се спроведува во 2018 година.

Програмата за работа на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА за 2018 година е отворена и може да се надополнува во текот на нејзината имплементација.

Во април 2018 година, РЦПЛИП - ПОРАКА одржа седница на изборно собрание, на која беа избрани органите и телата на управување на организацијата во мандатниот период 2018 - 2022 година.

## СОДРЖИНА

2 страна
***Програмски активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во 2018 година***

3 страна
***- Презентирана стратегијата за деинституционализација***
***- Потпишан мемеорандум за соработка со Филозофски факултет***

4 и 5 страна
***Стратегија на ЕАСПД 2018-2021***

6 страна
***Активности на УНДП***

7 страна
***Проект “Рана инклузија преку взаемно учење”***

8 страна
***Активности на ЕДФ***

9 страна
***Светски ден на Даунов синдром***

10 страна
***Активности на ЕАСПД***

11 страна
***Активности во соработка со Мировниот корпус***

12, 13, 14 и 15 страна
***Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***

16 страна
***Наша страница - Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола***

***“ПОРАКА”***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Печати:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Април 2018 г. Број 1, год. XXXI**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
”Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

## Активности на Министерството за труд и социјална политика

# Презентирана нацрт Националната стратегија за деинституционализација – реформа на социјалните институции за доброто на сите

*преземен текст од www.mtsp.gov.mk*

Неколкумесечната напорна работа, водена од тим од странски и домашни експерти, со финансиска поддршка од Европската Унија и со учество на претставници на МТСП, повеќе јавни институции и граѓански организации, резултира со нацрт-Националната стратегија за деинституционализација (2018-2027), која беше за прв пат презентирана пред стручната и општата јавност на 12 април 2018 година.

Деинституционализацијата е процес што декларативно се спроведува веќе дваесетина години, но досегашните напори беа инцидентни и без континуитет, а постигнувањатата се скромни. Придобивките од деинституционализација за сите се појдовната основа за решеноста и посветеноста на Владата и МТСП да изградат современ, ефективен и ефикасен систем за социјална грижа што ги почитува човековите права на граѓаните.

Деинституционализацијата значи премин од социјална грижа што се обезбедува во големи резиденцијални институции кон грижа во заедницата. Ако, на пример, на некое лице со попреченост или дете без родители му е потребно згрижување од државата – тука се големите, „безлични" институции кадешто лицето ќе добие згрижување на начин што го сегрегира од средината. Алтернативата се социјални услуги во заедницата: можност лицето да добие поддршка во неговата сопствена средина, во неговата заедница, во оној момент кога му треба, на начин што одговара на неговите потреби. Деинституционализација е промена од



социјални услуги по мера на системот во социјални услуги по мера на граѓанинот, нудејќи можност за активно учество на згрижените лица во животот на заедницата и јакнејќи го нивното лично достоинство.

Клучните заложби за наредниот период се: да нема деца под тригодишна возраст сместени во институции до 2020 и да се трансформира Специјалниот завод Демир Капија. Првите преселби на корисници од сегашните институции во служби за живеење со поддршка во заедницата ќе се случат на средина на 2018 година.

Воведни обраќања на настанот имаа министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска и раководителот за соработка при Делегацијата на Европската Унија во Скопје, Никола Бертолини.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Потпишан меморандум за соработка со Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА и Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на 16.3.2018 година потпишаа меморандум за соработка. Со овој меморандум и двете страни ќе се стремат кон взаемна размена на информации, знаења и искуства од областите од заеднички интерес. Понатаму, ќе овозможуваат обезбедување на квалитетни стручни услуги, како и учество, соработка и реализација на заеднички проекти. РЦЛПИП – ПОРАКА ќе овозможува континуиран пристап и поддршка на студентите од Институтот за дефектологија, како и употреба на материјалите и методите за работа со деца со пречки во развојот кои се достапни на онлајн платформата www.eurly-inclusion.eu развиена во рамките на проектот „Рана инклузија преку взаемно учење" поддржан од ЕРАЗМУС+ програмата на Европска унија. Воедно, РЦПЛИП – ПОРАКА, во рамките на своите можности и активности, ќе овозможи определен број на студенти да вршат практична работа во своите социјални сервисни служби.

Од друга страна пак, Филозофскиот факултет ќе овозможи Институтот за дефектологија да врши практични вежби со цел збогатување на наставната програма во рамките на темите споменати погоре, а определени со практични знаења и искуства. Исто така, ќе овозможи користење на некои простории од Филозофскиот факултет за реализација на одредени активности како што се промоции, работилници итн.

## Активности на ЕАСПД

# Обезбедување на сервисните служби на утрешнината
# Стратегија на ЕАСПД 2018 - 2021

**Предговор**

Во текот на годините ЕАСПД изгради мрежа која во моментот претставува над 15.000 сервисни служби за поддршка на лица со попреченост и нивните семејства низ цела Европа. Овие сервисни служби го опфаќаат целиот животен циклус на поединецот и вклучуваат рана интервенција, образование, вработување, домување, одмор, култура, дневна грижа, стари лица и резиденцијски сервисни служби за поддршка.

Лицата со попреченост имаат право на самостојно живеење во инклузивно општество и да уживаат целосна еднаквост на можностите со граѓаните без попреченост. Клучниот водич за оваа цел е сеопфатната рамка на права поставена во Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост. Освен тоа, целите за одржлив развој на Обединети нации го овозможуваат контекстот за развој на инклузивни и одржливи општества.

Сервисните служби засновани на човекови права можат значително да придонесат за уживање на правата преку промовирање пристап, учество и инклузија во општеството. Онаму каде што се потребни специјализирани сервисни служби за поддршка, тие треба да бараат да бидат отскочна даска за промовирање на самостојност и учество во општеството. Во нивниот дизајн, тие треба да бидат изградени околу потребите на поединецот, и да се развиваат, менаџираат и следат на ко-продуктивен начин. Односно, преку реципрочна интеракција меѓу лицата со попреченост, нивните семејства, пријатели и професионалци на еднаква основа. Онаму каде што сервисните служби се ко-продуцирани на овој начин, поголема е веројатноста да бидат ефективни агенти за промена и зајакнување, и можат да бидат витални средства за социјална инклузија за сите.

Европските и пан европските институции, владите на државите и другите потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост мора да ја увидат својата одговорност – дури и во времиња на штедење и намалувања – и да обезбедат дека правата поставени во Конвенцијата стануваат реалност за лицата со попреченост. Со тоа тие треба да бараат активен ангажман со организациите од граѓанското општество и другите актери, вклучително и сервисните служби за поддршка како тие што ги претставува ЕАСПД.

Без разлика дали сервисните служби се пружени од редовни, или од специјализирани обезбедувачи за поддршка, властите остануваат одговорни за обезбедување доволно финансиски средства за да се осигура дека поддршката што се пружа е пристапна со квантитет и со квалитет и дека е ефективна во промовирање еднаквост на можностите за сите лица со попреченост.

Членовите на ЕАСПД се соочуваат со различни предизвици, кои потекнуваат од различноста на контекстите во кои делуваат. Поврзување, споделување и разменување со сите чинители во Европа и подалеку е од огромна важност. Додека го прави тоа, ЕАСПД со своите членки ќе продолжи да ја истакнува улогата и релевантноста на сервисните служби за поддршка на лицата со попреченост и да создава силни партнерства со редовните актери, финансиери, клучни чинители и локални, регионални и национални обезбедувачи на сервисни служби за поддршка.

**Визија**

Визијата на ЕАСПД за иднината е секој вид на поддршка да стане индивидуализирана и достапна, пристапна и да одговара на потребите и желбите на лицата со попреченост.

Сервисните служби за поддршка засновани на човековите права играат важна улога во обезбедување пристап, учество и инклузија во општеството.

Ние сакаме општеството во целост да разбере дека овие сервисни служби ги овозможуваат и поддржуваат човековите права.

**Мисија**

Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост – ЕАСПД – е европска НВО која ги претставува обезбедувачите на сервисни служби за поддршка во полето на попреченоста, покривајќи го спектарот на сервисни служби низ целиот животен циклус.

Мисијата на ЕАСПД е да се реализира имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, притоа поддржувајќи ги своите членки во дизајнот, развојот и поставувањето на индивидуализирани модели на поддршка, кои одговараат на специфичните потреби и желби. ЕАСПД го промовира споделувањето и развојот на информации, иновации и активности со цел да се влијае врз механизмите за донесување одлуки на европско и на меѓународно ниво.

## Стратешки цели

### 1. ПРЕТСТАВУВАЊЕ

**Клучен претставник на обезбедувачите на сервисни служби за поддршка во Европа**

*ЕАСПД сака да ги зајакне сервисните служби за поддршка кои го опфаќаат целиот животен циклус на поединецот, обезбедувајќи целосно признавање на улогата на секторот на обезбедувачи на сервисни служби за поддршка во Европа и поврзување на европските и на меѓународните политики со националните и локалните приоритети за да се промовира социјална инклузија.*

## Активности на ЕАСПД

**КАКО ЌЕ ГО ПОСТИГНЕМЕ ТОА?**

- Ќе делуваме во промовирање на социјална Европа преку зајакнување на имплементацијата на инструментите за човекови права и развојот на правни рамки кои имаат позитивно влијание врз сервисните служби за поддршка;
- Активно ќе ги поддржуваме членките во усвојувањето и ревизијата на правните рамки кои се погодни за сервисните служби за поддршка и нивната работа;
- Ќе обезбедуваме одржливост на сервисните служби за поддршка преку работа на системи за финансирање и инвестирање кои им помагаат на сервисните служби за поддршка и ја олеснуваат иновацијата;
- Ќе бараме и ќе го зајакнуваме вклучувањето на чинителите за воспоставување на цврста соработка низ секторите;
- Ќе ги нагласуваме прашањата на работната сила, персоналот со што ќе се подобри атрактивноста на секторот и квалитетот на услугите што ги нуди.

**2. ИНОВАЦИЈА И ЕКСПЕРТИЗИ**

**Да има лидерска и обединувачка улога во развојот на иновативни модели за поддршка за лицата со попреченост низ Европа.**

*ЕАСПД и понатаму ќе ја развива својата работа во социјалната иновација, идентификувајќи и придонесувајќи за дизајнот, развојот и споделувањето на иновативните модели за поддршка со цел да се задоволат барањата од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во полето на поддршка.*

**КАКО ЌЕ ГО ПОСТИГНЕМЕ ТОА?**

- Ќе го интегрираме и ќе го поддржуваме планирањето ориентирано кон лицето, ко-продукцијата, вклученоста на корисниците и усвојување на технологија како клучни елементи на обезбедување иновативни сервисни служби за поддршка;
- Ќе ги идентификуваме, споделуваме и зголемуваме иновативните модели на сервисни служби во местото на живеење, вклучително и активности за зајакнување на капацитетите со цел вградување на иновациите;
- Ќе соработуваме и придонесуваме кон академските и не-академските истражувања, собирајќи податоци и ќе овозможуваме информации засновани на докази за поддршка на развојот на политиките;
- Ќе ја зголемуваме размената, вклучувајќи и соработка со и меѓу членките, локалните и регионалните власти и редовните актери за да се воспоставуваат цврсти партнерства кои имаат влијание на локално ниво;
- Ќе бидеме центар за референци за споделување на знаење и развивање на проекти во пружањето сервие ни служби за поддршка во полето на попреченост.

**3. ПРИСТАП ПРЕДВОДЕН ОД ЧЛЕНСТВОТО**

**ЕАСПД ќе ги зајакнува своите процеси на управување и својата релевантност во социјалниот сектор, со тоа што ќе биде одржлива организација предводена од членството.**

*ЕАСПД се стреми да постигне поголемо учество преку воведување на нови пристапи на управување. Исто така, ќе се развијат цврсти мерки за влијание врз активностите на ЕАСПД и напредокот во имплементацијата на стратегијата.*

**КАКО ЌЕ ГО ПОСТИГНЕМЕ ТОА?**

- Ќе развиваме стратегија која опфаќа зголемување на членството, земајќи ги предвид географските и секторските области кои во моментот се помалку претставени во членството и процедури за менаџирање на ризик за да се обезбеди долгорочна финансиска издржливост;
- Ќе правиме преглед и ажурирање на процесите на управување за да овозможи нивна усогласеност со законските и регулаторните барања со цел да обезбеди поголема сопственост од страна на Одборот и Генералното собрание, зголемено учество и одржливост;
- Ќе ја зајакнуваме улогата на Постојните комитети и Интерес групите преку поголемо вклучување во процесите на ЕАСПД;
- Ќе споделуваме информации и знаење со општата јавност за вредноста на сервисните служби за поддршка за лицата со попреченост и за општеството во целина;
- Ќе го зајакнуваме врсничкото учење меѓу членството и споделувањето на информации преку алатките и платформите на ЕАСПД.

**ЗАКЛУЧОК**

Да се информира за имплементацијата на оваа стратегија:
- Надворешен евалуатор ќе прави процена и ќе известува за работата на организацијата во реализацијата на планот за работа за 2017 година;
- Ќе се развиваат годишни планови за работа за секоја година од стратегијата, за да се вклучат алатки и јасни показатели за да се овозможи ефективен мониторинг и преглед на напредокот на годишна основа;
- Надворешен евалуатор ќе прави процена и ќе известува за имплементацијата на оваа стратегија и за плановите за работа.

Следната стратегија на ЕАСПД ќе се разгледува во текот на 2020 година, а ќе треба да се финализира во 2021 година.

„Оваа стратегија не инспирира сите нас да создаваме повеќе инклузивни општества, преку обезбедување на соодветни, индивидуализирани, со висок квалитет сервисни служби за поддршка. За да го постигнеме тоа, ќе продолжиме да говориме во име на секторот, ќе споделуваме и ќе учиме преку границите, што пак ќе биде олеснето со цврсто управување. Заедно со нашите клучни чинители и партнери ќе се ангажираме да ја имплементираме нашата визија. Ајде да се обврземе!"

## Активности на Обединетите нации

# Вклучување на попреченоста во редовните текови на имплементацијата на Агендата 2030

За време на 56-тата сесија на Комисијата за социјален развој се одржа панел дискусија на високо ниво на тема „**Кон инклузивен, прилагодлив и одржлив развој: пристап заснован на докази за вклучување на попреченоста во редовните текови на имплементација, мониторинг и евалуација на Агендата 2030**". Следните панелисти дискутираа во однос на пристапот заснован врз докази при имплементација на Агенда 2030 земајќи го во предвид и вклучувањето на попреченоста како тема: H.E. Zhang Haidi, Заседавач, Федерација на лица со попреченост во Кина, Catalina Devandas Aguilar, Специјален известувач за правата на лицата со попреченост, Mary Crock, Професор, Правен факултет при Универзитетот во Сиднеј, и Margaret Mbogoni, постар статистичар, одделение за статистика, UNDESA. Дискусијата ја модерираше Venus Illagan, Генерален секретар, Интернационална Рехабилитација.

### Извршно резиме

- Лицата со попреченост се уште се соочуваат со повеќекратни бариери за еднакво учество во општеството и постои итна потреба за отстранување на тие бариери.
- Успешен развој кој ја вклучува и попреченоста бара подобри и расчленети податоци за попреченоста. Сепак, недостигот на адекватни податоци останува голем предизвик.
- Постои потреба од валидирани методологии за прибирање на доследни и споредливи податоци за попреченоста.
- Оформувањето на форум за одржлив развој на лица со попреченост во Комисијата за социјален развој може да игра клучна улога во зголемување на меѓународната соработка и размена на искуства.

### Развој кој ја вклучува попреченоста

Многу држави ги споделија своите иницијативи за развојот кој ја вклучува попреченоста. Се воспоставија интер-министерски механизми за попреченост во Аргентина и Гватемала. Индонезија усвои закон со кој се обезбедуваат правата на лицата со попреченост, и креираше национална комисија за промовирање на учеството на лицата со попреченост во општеството. Националниот план за развој на Индонезија опфаќа подобрување на пристапноста; учество во политичките, социјалните и културните аспекти; промовирање на инклузивен развој во насока со националниот буџет и планирање: унапредување на пристапноста во јавната инфраструктура и информации; овозможување приватниот сектор и претпријатијата да изнаоѓаат иницијативи за инклузија на лицата со попреченост; еднаков пристап до образование, здравствени сервисни служби, и вработување. Кенија, преку својот Национален совет за попреченост, создаде програма за поддршка на лицата со попреченост вклучувајќи и ослободување од данок за да ги максимизира нивните приходи. Романија обезбедува поддршка за лицата со попреченост и нивните семејства во пристапот до здравствени сервисни служби. Костарика промовираше пристап до информациска и комуникациска технологија и до здравствени и рехабилитациски сервисни служби. Судан смета дека превенцијата на попреченоста е суштинска и го зајакнува капацитетот на министерството за здравство за да се создаде превентивна иницијатива и откривање на попреченоста во раните фази. Европската унија го донесе Европскиот акт за пристапност кој има за цел да го подобри функционирањето на внатрешниот пазар за пристапни производи и услуги со отстранување на бариерите создадени од различни закони.

### Мониторинг и евалуација на имплементацијата на 2030 Агендата

Целите за одржлив развој бараат од државите да собираат податоци кои се разграничени по попреченост со цел да се следи и да се евалуира имплементацијата. Слично на тоа, член 31 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост бара собирање на статистики и податоци за попреченоста. Многу учесници говореа за недостигот на податоци и статистики за попреченост и ја повторија важноста од валидирани методологии за собирање на доследни и споредливи податоци. Одделението за статистики при Обединетите нации појасни дека алатките на Вашингтон групата и на СЗО имаат различни но, надополнувачки улоги во однос на собирањето податоци. На пример, додека краткиот сет на Вашингтон групата е широко прифатен како соодветна алатка за расчленување на податоците според статус на попреченост, кратката верзија на СЗО за испитување на модел за попреченост може да се искористи за истата цел. Има разлики во националните состојби кај државите бидејќи се на различни нивоа на развој на статистиките и таа различност треба да се земе предвид во планирањето за националното зајакнување на капацитетите за статистики.

### Пристапи за промовирање на пристапот заснован на докази наменет за развојот кој ја вклучува попреченоста

Одреден број земји споделија информации за нивните напори за унапредување на развојот кој ја вклучува попреченоста преку пристапот заснован на докази. На пример, во Кина се спровела серија на истражувања за да се добијат повеќе информации за лицата со попреченост и нивните специфични потреби, а во моментот креираат голем систем на податоци врз основа на истражувањето. Намибија има Совет за попреченост кој ги координира областите со кои е

## Активности на Обединетите нации

засегната попреченоста и има статистики кои се однесуваат на лицата со попреченост и како тие имаат бенефит од основните сервисни служби. Костарика, Гватемала, Кенија и Мексико спровеле национални истражувања за преваленцата на лицата со попреченост во нивните земји. Судат воспостави совет за лица со попреченост со кој заседава Премиерот. Јужна Африка во моментот пилотира индекс за еднаквост за да идентификува нерамномерноста помеѓу лицата со попреченост и лицата без попреченост во вработувањето, образованието и политичкото претставување.

Еден од панелистите ги даде следните предлози за ефективно статистичко следење за имплементацијата на 2030 Агендата:

- Создавање на индекс систем за проценка за одржлив развој на лицата со попреченост,
- Воспоставување на форум за одржлив развој на лицата со попреченост во Комисијата за социјален развој за подобрување на меѓународната размена на искуства и соработка, и
- Воспоставување на Светска организација за попреченост со цел гласот на лицата со попреченост да биде слушнат.

Некои од делегациите ја нагласија потребата од зајакнување на капацитетите во собирањето податоци за попреченоста. Судан предложи воспоставување на специјализирана агенција за лица со попреченост во рамките на Обединетите нации. Куба повика за подобрување на меѓународната соработка за мобилизација на ресурсите за лица со попреченост. Исто така, беа истакнати значењето од вклучување на постарите лица и решавање на взаемната поврзаност на попреченоста и стареењето..

## Учество на РЦПЛИП - ПОРАКА во меѓународни проекти

# Завршни активности во рамките на европскиот проект „Рана инклузија преку взаемно учење”

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА во изминатиот период продолжи со предвидените активности како една од партнерските организации во конзорциумот од 10 партнери во европскиот проект „Рана инклузија преку взаемно учење”, кој е поддржан од ЕРАСМУС+ програмата на Европската унија. Проектот се фокусира на зголемено знаење и споделени методи за работа и инклузија на деца од предучилишна возраст кои имаат попреченост или се во ризик да стекнат попреченост, а има за цел да пренесе информации, конкретни методологии и процена на компетенции.

Во директна комуникација со конзорциумот предводен од австриската организација Sinn-Evaluation, тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА работеше на унапредувањето на алатките кои се овозможени со овој проект. Активностите се однесуваа на адаптација и средување на онлајн платформата www.early-inclusion.eu наменета за размена на искуства меѓу професионалците и се поставуваа позитивни искуства и практики од работата со лица со интелектуална попреченост. Поточно се работеше на унапредување на алатката „Пазар за методи на инклузија” што претставува самоорганизирана методолошка онлајн размена на искуства. Во рамките на проектните активности, се продолжи и со унапредување на прашањата за валидација за 10-те подготвени информативни материјали за инклузија за одредени состојби, синдроми и попреченост. Исто така, беа преземени голем број активности од технички карактер, пред се за превод и адаптација на информативни материјали.

Во согласност со предвидените програмски цели и активности, во март 2018 година РЦПЛИП – ПОРАКА одржа два информативни настани за мултипликација, односно за претставување на онлајн платформата www.early-inclusion.eu и алатките за учење кои се



разработени од проектните партнери. На двата настани учествуваа – студенти од Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје поточно Институтот за дефектологија и Институтот за социјална работа и социјална политика.

На наше големо задоволство, учесниците на настаните отворија дискусија за многу важни и суштински прашања, а понудените информации и методи преку онлајн платформата ги оценија како корисни и употребливи во нивната работа. Од двата настани воедно, произлезе и потпишување на Меморандум за соработка со Филозофскиот факултет. Во рамките на оваа соработка, меѓу другото, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе овозможи континуиран пристап и поддршка за студентите од Институтот за Дефектологија, како и употреба на материјалите и методите за работа со деца со пречки во развојот кои се достапни на онлајн платформата www.early-inclusion.eu развиена во рамките на проектот „Рана инклузија преку взаемно учење” поддржан од ЕРАЗМУС+ програмата на Европската унија.

## Активности на ЕДФ - Европски форум за попреченост

# Резолуција за целите за одржлив развој кои ја вклучуваат попреченоста

## усвоена од Европскиот форум за попреченост

Со оглед на тоа што Европската унија (ЕУ), како договорна страна на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост, има **законска обврска** според Конвенцијата, да ги промовира, заштитува и обезбедува целосно уживање на човековите права од страна на лицата со попреченост;

Со оглед на **Агендата за одржлив развој 2030**, која беше усвоена во 2015 година од Обединетите нации, **претставува уникатна можност за имплементација и следење на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост**;

Со оглед дека мотото на 2030 Агендата за одржлив развој е „**никој да не остане позади**", со заложба да се признае достоинството на секое лице и прво да се опфатат оние кои и понатаму се во ризик од маргинализација;

Со оглед дека **Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост е непроценлива алатка** во исполнувањето на заложбата на ЕУ за имплементирање на 2030 Агендата;

Со оглед дека **лицата со попреченост се во целост признаени во 2030 Агендата**, со 11 референци кои се однесуваат на попреченоста;

Со оглед дека во суштината на 2030 Агендата, има сет од 17 **цели за одржлив развој** кои се креирани да стават крај на сиромаштијата, да ја заштитуваат планетата и да обезбедуваат глобален просперитет;

Со оглед дека целите за одржлив развој ќе завршат во 2030 година и затоа тие претставуваат единствена платформа за **борба против дискриминацијата и социјалното исклучување во следните 12 години**;

Со оглед на тоа дека **лицата со попреченост се целосно признаени во целите за одржлив развој**, со 19 референци за попреченоста;

Со оглед на тоа дека 2030 Агендата и целите за одржлив развој треба **еднакво да се применуваат и за лицата со попреченост**;

Со оглед на тоа дека ЕУ треба да ја искористи оваа исклучителна можност **да стане светски лидер во вклучувањето на целите за одржлив развој во редовните текови за лицата со попреченост** и за други групи кои се во ризик од маргинализација во Европа и во светот, спроведувајќи го постигнувањето на целите за одржлив развој со средства од својот буџет, политики и закони, вклучително и имплементацијата на Европскиот столб на социјални права кој беше потпишан од ЕУ и сите земји членки, во ноември 2017 година;

По својата конференција за целите за одржлив развој одржана на 3-ти март 2018 година, Европскиот форум за попреченост ја усвои следната резолуција:

**ЕДФ ја повикува Европската унија во целост да ги вклучи лицата со попреченост со сите политички дијалози кои се однесуваат на целите за одржлив развој, во Европа и во контекст на меѓународната соработка.**

За таа цел, се покануваат европските лидери да:

- Станат **модел** за имплементацијата и за мониторингот на целите за одржлив развој кои ја вклучуваат и попреченоста во Европа и во програмите на ЕУ за меѓународна соработка;
- Обезбедат дека лицата со попреченост и нивните организации се вклучени како партнери на еднаква основа со останатите актери, со цел да можат да имаат активна улога во работните групи на **Платформата на ЕУ во однос на целите за одржлив развој составена од различни чинители, и други ад хок работни групи**;
- Обезбедат дека **буџетот на ЕУ** им служи на целите за одржлив развој и е во согласност со **сите конвенции за човекови права и меѓународни договори**, особено Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, на која се обврзани ЕУ и сите нејзини земји членки;
- Обезбедат дека буџетот на ЕУ поттикнува на социјална инклузија и овозможува **финансиски средства** за имплементирање на целите за одржлив развој кои ја опфаќаат и попреченоста;
- Бараат **инклузија на лица со попреченост** во сите проекти, во ЕУ и во сите нејзини надворешни активности, за кои ЕУ дава финансиска поддршка;
- Прават кохерентни напори за постигнување на целите за одржлив развој и да ги **почитуваат, заштитуваат и да ги исполнуваат човековите права при обезбедување на економски раст**;
- Обезбедат **употреба на Европските фондови** за борба против сиромаштијата и социјалното исклучување, па сите лица со попреченост да имаат пристап до адекватни, достапни со цена и пристапни сервисни служби;
- Обезбедат дека релевантни податоци добиени од Еуростат се **расчленети според попреченост користејќи го сетот од прашања на Вашингтон групата** за да може да се овозможи споредливост;
- Вклучување на попреченоста во редовните текови и на сите напори за **постигнување на родова еднаквост и зајакнување на девојките и жените со попреченост**;
- Обезбедат дека **сите развојни активности**, експертизи и иницијативи **финансирани од ЕУ** ја вклучуваат и попреченоста и во целост се усогласени со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, а ЕУ е светски лидер во меѓународниот развој и соработка;
- Во целост се придржуваат на мотото на целите за одржлив развој: „**никој да не остане позади**", со вистински напор да се допре до лицата кои се и понатаму во ризик од маргинализација.

## Одбележување на светскиот ден на Даунов синдром на меѓународно ниво

# Светски ден на Даунов синдром 2018
## „Што можам да придонесам на работното место"

***На 21 март 2018 година, Down Syndrome International на едно место ги донесе лицата со Даунов синдром, нивните поддржувачи и застапници, претставници на големи работодавачи, експерти во областа на вработување за лицата со попреченост, претставници на влади и на Обединетите нации во седиштето на Обединетите нации во Њујорк.***

Овогодинешното одбележување беше во согласност со темата „Што можам да придонесам на работното место" – да се овозможи сите лица со Даунов синдром да придонесуваат и да живеат вреднувани работни животи, да бидат вклучени во заедницата.

Денот беше одбележан на 21 март 2018 година. На одбележувањето дојдоа лица со Даунов синдром, нивни поддржувачи, претставници на работодавачи, експерти во полето на вработување на лица со попреченост, владини и ОН претставници. Целта беше да се допре до клучните чинители во полето на вработување за да се осигура дека ги увидуваат бенефитите од овозможување на лицата со Даунов синдром и други попречености да имаат значајни придонеси на работното место и да се охрабруваат чинителите да им помогнат во воведување на позитивни промени.

***Изјава на Н.Е. Др. Тошија Хошино, Заменик постојан претставник на Јапонија во Обединетите нации***

Во име на Владата на Јапонија, би сакал да започнам со изразување на мојата искрена благодарност до Down Syndrome International за преземање на иницијативата за организирање на оваа конференција.

Јапонија е почестена да биде ко-спонзор, заедно со Полска и други мисии тука во седиштето на ОН во Њујорк.

Мошне охрабрувачки е да се чујат толку новини за состојбите кои се однесуваат на лицата со Даунов синдром овие денови. Особено ми беше задоволство што утрово можев да бидам панелист заедно со Collette Divitto. Се запознавме преку You Tube каналот за видео вестите, и навистина сум импресиониран од нејзиниот талент, претприемништво, успех, сон и визија. Таа е пример за потенцијалот и иднината на лицата со Даунов синдром.

Мислам дека учеството на лицата со Даунов синдром на работното место има позитивно влијание на многу од работните места затоа што нуди различни гледишта и способности.

Сепак, треба да признаеме дека се уште има различни проблеми што треба да се решат со цел да се реализира целосна социјална инклузија на сите лица, вклучително и лицата со Даунов синдром. Токму поради тоа, денешната панел дискусија „Што можам да придонесам на работното место?", со учество на работодавачи, вработени, експерти и лица со Даунов




синдром е навремена и конструктивна. Очекувам денешните дискусии да придонесат за целосна социјална инклузија на лицата со Даунов синдром.

Би сакал да ја искористам оваа можност и да кажам дека во Јапонија, првиот Јапонски конгрес за Даунов синдром се одржа минатиот декември, иницирaн од јапонската организација за Даунов синдром. Тој конгрес беше првиот национален и сеопфатен обид да се разговара за условите во кои се наоѓаат лицата со Даунов синдром. Имаше многу панели за специфични теми како на пример, медицински прашања, работно место, образовна и социјална асистенција. Во панелите за работното место, дискусиите се водеа околу размена на добрите практики на работните места.

Со цел да се постигне инклузивно општество, подигнувањето на свеста за Дауновиот синдром е од суштинска важност. Во Токио, се одржа настан по повод Светскиот ден на Даунов синдром под темата „што носам за мојата заедница" на 12-ти февруари. Низ Јапонија организирани се повеќе од 30 настани насочени кон подигнување на јавната свест, а на Светскиот ден за Даунов синдром.

Владата на Јапонија ќе продолжи со своите напори за реализирање на општество во кое секој поединец, вклучувајќи ги и лицата со Даунов синдром, имаат активна улога и водат исполнет живот.



## Активности на ЕАСПД - соопштение за медиуми

# Ко-продукција: Заедничка работа за да се создатат можности за инклузивно вработување!

***На 30-ти јануари, ЕАСПД и нејзините партнери во работната група „Сервисни служби на утрешнината" (ЕДФ, COFACE Семејства – Европа, ЕНИЛ, Европска Инклузија и MHE-SME) организираа настан „Ко-продукција за иницијативи за вработување за млади лица со попреченост и проблеми со менталното здравје" заедно со членот на Европскиот парламент Брандо Бенифеи.***

***На настанот присуствуваа членови на Европскиот парламент, претставници на Европската комисија, обезбедувачи на социјални сервисни служби, работодавачи, лица со попреченост како и претставници на граѓанското општество со цел да се споделат најдобрите практики и да се разговара за начините на зајакнување на сите чинители во креирањето, развојот и пружањето на практики за инклузивно вработување.***

Настанот го отвори **членот на Европскиот парламент Brando Benifei**. Тој започна со истакнување дека, во *срцта на било кои напори за создавање на инклузивни општества се сервисните служби за поддршка, кои ги зајакнуваат лицата со попреченост во целост да ги практикуваат своите права*. Тој исто така нагласи дека ***мора повторно да размислиме за практиките за вработување*** *за да обезбедиме дека лицата со попреченост можат да учествуваат, ко-продуктивно, во создавањето на иницијативи за инклузивно вработување*.

**Членот на Европскиот парламент Marian Harkin** го поддржа Бенифеи и го пофали настанот, кој меѓу другото, *ги олеснува значајните дискусии* и повика процесот на ко-продукција да се имплементира во законодавните процеси на ЕУ.

Дискусиите ги соединија клучните чинители, вклучувајќи ги поединците кои бараат пристап до можности за вработување на отворениот пазар на трудот, работодавачите, обезбедувачите на социјални сервисни служби за поддршка и членовите на семејства на лица со попреченост.

Искуствата на овие чинители го привлекоа вниманието на важноста од *поттикнување на силни врски помеѓу сите чинители за креирање на иницијативи за инклузивно вработување*, особено слушајќи ги лицата со попреченост и нивните семејства како специјалисти за нивните потреби за поддршка. Овие сведоштва, исто така, нагласија дека *работодавачите мора да станат пофлексибилни* за да можат најдобро да ги искористат ко-продуктивните методи и да ги вклучат лицата со попреченост во нивните работни места.

За време на вториот панел на настанот се презентираше методологијата за индивидуално сместување и поддршка (IPS) и нејзината ефективност за обезбедување на вработување на отворениот пазар на трудот за лицата со ментално здравствени проблеми.



За време на панелот говореше и корисник на ИПС услуга кој нагласи колку било важно што нашол работно место со поддршка на ИПС, а му помогнало во процесот на опоравување и да има осмислен живот.

**Catherine Naughton, Директор на Европскиот форум за попреченост**, на настанот ја промовираше потребата да се обезбеди дека сите чинители се активни во процесот на ко-продукција, па истакна: „*Потребно ни е повеќе од само вклучување, мора заедно да работиме за да изнајдеме решенија и да создадеме можности за инклузивно вработување* ".

**Luk Zelderloo, Генерален секретар на ЕАСПД**, го затвори настанот со повик до членовите на Европскиот парламент ***да ги инкорпорираат методите на ко-продукција во практиките на креирање политики*** и да **направат преглед на пристапноста на ЕУ сервисните служби за вработување и практиките** со цел да се обезбеди дека сите млади лица, вклучително и оние со попреченост, можат во целост да имаат бенефит од можностите што тие ги нудат.

Како дел од нивните заложби, позитивно да придонесат за развојот на поинклузивно општество преку висококвалитетни системи за поддршка, **работната група „Сервисни служби на утрешнината"** ќе продолжи со својата работа за да ја поддржи употребата на ко-продукцијата. Следните чекори на работната група ќе опфатат започнување на кампања за понатамошни иницијативи за инклузивно вработување на локално ниво. Работната група, исто така, ќе поддржи и истражување на употребата на методите за ко-продукција во образованието за да им се помогне во зајакнувањето на учениците со попреченост и да се обезбеди еднаков пристап до можностите за инклузивно образование.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА и Мировниот корпус

# Зајакнување на семејствата преку насочени обуки

Во партнерство со Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, волонтерот Ariel Lawson од Мировниот корпус обезбеди финансиски средства и ресурси за реализација на проект кој содржи активности за креирање и спроведување серија на обуки за родители на деца/лица со интелектуална попреченост кои се членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш и ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица.

Со овој проект се обезбедуваат обуки скроени според потребите на родителите и семејствата преку кои би се вклучиле во развојот на нивните деца со интелектуална попреченост. Во рамките на овие проектни активности, родителите и другите членови на семејството, ќе учествуваат во обуки за зајакнување на емпатијата, поставување цели, вештини за самостојно живеење и АБА. Обуките ќе ги спроведуваат професионални лица.



Проектот содржи три компоненти.

1. **Серија на обуки за родители:**
   Родителите и семејствата ќе учествуваат во серија од обуки кои ќе ги водат професионални лица од областа на попреченоста, како и квалификувани волонтери од Мировниот корпус.
   Обуките ќе бидат во рамки на следниве шест области: зајакнување на емпатијата, поставување цели, вештини за самостојно живеење, однесувањето (поведението) како комуникација, АБА (Applied Behavior Analysis – Применета анализа на однесувањето) и прва помош при напади.

2. **Сесии за практична примена:**
   Во случаите кога обуките се со многу информации и нема доволно интерактивни елементи, ќе се применуваат сесии за практична примена на стекнатите знаења. Во овие сесии предвидено е и креирање на материјали кои биле разгледувани во претходните сесии или пак ќе се разговара за потенцијалните предизвици.
   Предвидени се четири практични сесии кои ќе бидат пропратен дел на следните сесии: поставување цели, вештини за самостојно живеење, однесувањето (поведението) како комуникација и АБА (Applied Behavior Analysis – Применета анализа на однесувањето).

3. **Индивидуални консултации (овие консултации се овозможени во текот на времетраењето на проектните активности т.е. 6 месеци):** Со цел да се опфатат загриженостите кои ги искажаа родителите во нивните анкети, волонтерот од Мировен корпус и претставникот на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш ќе можат индивидуално да работат со заинтересираните родители. Овие консултации ќе опфаќаат практична примена на знаењата кои биле претходно стекнати за време на обуките.

Овој проект ќе им овозможи на родителите и семејствата не само да учествуваат во развојот на своето дете, туку и да ги обликуваат и применуваат поставените развојни цели. Првата работилница се одржа на 24 април 2018 година во просториите на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш и на истата беа презентирани и разработувани прашања во однос на поставувањето цели за развој на лица со интелектуална попреченост. Претставниците на извршната канцеларија на РЦПЛИП - ПОРАКА д-р Василка Димоска и Владо Крстовски го презентираа индвидуалниот пристап во работата со корисните на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА.





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Струмица како и социјалната сервисна служба, Социјален клуб, редовно ги спроведуваат програмските активности, но и постојано ја унапредуваат соработката со останатите чинители во локалната заедница. Исто така, редовно се ангажирани во одбележување на значајни празници на локално ниво.

Во таа насока, ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица организираше и спроведе неколку активности за одбележување на Св. Валентин. Во соработка со волонтерите на ОК Црвен крст – Струмица, се спроведе креативна работилница во која учествуваа корисниците на социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица и волонтери од ОК Црвен крст – Струмица. На работилницата се изработуваа цртежи на хартија во боја, се користеше оригами техника за правење изработки. Потоа се правеа и украси и сувенири од метал, стакло и пластика. По повод истиот празник, членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица, во соработка со Дневниот центар за децата со посебни потреби во Струмица и Младински Совет - Општина Струмица учествуваа на настан под мотото “Создаваме спомени” кој се одржа на Градскиот плоштад, на 14.2.2018 година. ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица имаше поставен штанд на кој беа изложени изработки од корисниците со љубовни мотиви. За време на настанот се делеа срциња и балони со испишани љубовни пораки на минувачите на плоштадот. Со оваа активност сакавме да ја подигнеме јавната свест за подобро разбирање и прифаќање на лицата со попреченост.

Во знак на благодарност за успешните соработки, но и како мотив за понатамошно продлабочување на соработката, родителите на корисниците на Социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица по повод Струмичкиот празник Тримери, организираа посен ручек. Присуствуваа волонтерите од Младинскиот Совет-Струмица, ОК Црвен Крст Струмица, Вешта Жена - Струмица, како и наставници, дефектолози и ученици од СОУ „Димитар Влахов” од Струмица.

На 24 Март Црвен крст на Република Македонија - Општинска организација Струмица ја спроведе акцијата “Часот на планетата Земја”. Акција во која учество земаат 180 земји односно 7000 града ширум светот. ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, како и претходните години, така и оваа, беше дел од овој настан заедно со своите членови.



ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица и оваа година ја продолжува традицијата на одбележување на велигденските празници! За таа цел, организираше хуманитарен хепенинг по повод одбележување на христијанските празници Лазарова сабота и Велигден, кој се одржа два дена, и тоа на 31.3.2018 г. и на 7.04.2018 г. со почеток во 11:00 часот во малиот парк на булеварот „Маршал Тито”, Струмица. На хепенингот беа претставени ракотворби, украси, керамички вазни со велигденски мотиви, велигденски јајца, кошнички за велигденски јајца и други креации со велигденски мотиви, изработени од децата и младинците со интелектуална попреченост и нивните родители, членови на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица. На хепенингот, исто така, членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица бојадисуваа велигденски јајца. Присутните гости на хепенингот, за симболична сума, можеа да ги купуваат ракотворбите и украсите, а парите собрани од продажбата на креациите ќе бидат искористени за опремување на Социјалниот клуб на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица со потребните дидактички материјали за работа.





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Прилеп продолжува со реализирање на своите програмски активности. Во текот на месец јануари редовно се спроведуваа спортските активности, односно зумба вежбите со зумба инструктор. На 7 јануари корисниците на Социјалниот клуб присуствуваа на Божиќен ручек кој го организираше Детската Амбасада и локалната самоуправа на општина Прилеп. На 25.1.2018 година во просториите на клубот се одбележаа три години од постоењето на оваа сервисна служба. На одбележувањето присуствуваа сите корисници на социјалниот клуб и нивните родители, и претставници на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.

Во текот на месец февруари продолжија да се реализираат активностите согласно планираното, односно редовно се реализираа работилниците за работни активности, практични, когнитивни и социјални активности. Редовно се реализираа и спортските активности, а се организираше и се спроведе работилница за засадување на зумбули кои се продаваат по повод 8 Март, а финансиските средства ќе се наменат за потребите на социјалниот клуб.



И во месец март редовно течеа програмските активности во социјалниот клуб и сите предвидени работилници. Дополнително беше реализирана работилница со претставници од здружението Изгрев, на која се изработуваа различни форми со помош на глина, потоа се играа друштвени игри, како и низа активности за развивање на фината моторика. На 25.3. 2018 година, корисниците на социјалниот клуб ја гледаа претставата „Дороти се врати дома".

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип

Активностите во ЦПЛИП – ПОРАКА Штип се спроведуваат согласно предвидените програми. На почетокот на месец јануари корисниците на социјалниот клуб на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип заедно со претставници од ЦИВИТАС ја посетија компанијата АДА – МИМИ која е долгогодишен пријател и поддржувач на нивните активности. За време на посетата корисниците се запознаа со процесот на производство на некои од производите кои секојдневни се користат во домаќинствата. Во текот на јануари беше поставена и изложба на уметничките ракотворби на Верче Андонова, член на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип. Корисниците на социјалниот клуб се подготвуваа и зедоа учество на две манифестации во организација на НУ „Гоце Делчев„ под наслов „Тоше има само еден датум на раѓање" и „Гоце Делчев великанот роден да не учи и води", во чест на родендените на Тоше Проески и на Гоце Делчев. Тие се преставија со песни и рецитали за овие два великани за што добија и благодарница за учество.

Во месец февруари се реализираа неколку работилници со волонтерот Краси Шаламанова на кои се изработуваа декорации во вид на украсни цветови. Во текот на овој месец, во соработка со Здружението на пензионери на Штип и Карбинци се изработуваа мартинки.

На 1.3.2018 година, членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип, Здруженијата на пензионери и Здружението ЦИВИТАС закачуваа панделки на неколку институции во градот. Воедно се поделија и повеќе од 250 мартинки. ЦПЛИП – ПОРАКА Штип изразува голема благодарност до „Меѓународен Славјански Универзитет Г. Р. Державин" од Свети Николе и на градоначалникот на оваа општина, Сашо Велковски за реализирање на втората изложба на ракотворбите на Верче Андонова која се постави и во просториите на Универзитетот. Членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип ја искористија можноста и го посетија и Народниот Музеј во Свети Николе и градската црква Свети Никола. Во текот на месец март беше организирана и се реализираше посета на Манастирот Св. Ѓорѓи Кратовски.



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје

ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје има воспоставено успешна соработка со Градот Скопје и голем дел од секторите во рамки на неговата администрација. На покана од Секторот за заштита на животната средина и природата на Град Скопје, дневните центри на ПОРАКА Скопје беа поканети да земат учество во одбележувањето на деновите пролетта и на екологијата. Организатор на овие активности беше ЈП „Комунална хигиена" – Скопје, во соработка со Секторот за заштита на животната средина и природата.

Завршниот настан се одржа во Градскиот парк на 19.3.2018 година на кој учествуваа ученици од училиштата и дечиња од градинките од сите скопски општини. Учество зедоа и корисниците на дневните центри на ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје кои се претставија со свои изработки на тема заштита на животната средина. На настанот присуствуваа Градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, Директорот на ЈП „Комунална хигиена" – Скопје, Абдусамед Шабани, и постојаната претставничка на УНДП во Македонија, Луиза Винтон.

Во рамките на манифестацијата беа доделени награди за трите најуспешни изработки од училиштата. Специјална награда и благодарница за постојаниот придонес кон заштитата на животната средина, како и за долгогодишната соработка и поддршка на сите активности кои се одржуваат по повод Деновите на пролетта и екологијата доби и Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Скопје.



Исто така, на 21.3.2018 во просториите на дневниот центар на ПОРАКА во Скопје во населба Аеродром беше одржана работилница за расадување и засадување на саксиско цвеќе на која учество зедоа и неколку родители на корисниците од овој дневен центар.

По повод големиот христијански празник Велигден, на 54.2018 година во просториите на дневниот центар на ПОРАКА во Скопје во населба Аеродром се одржа практична работилница за декорирање на велигденски јајца, на која учествуваа членови на Унија на Жени на ВМРО – ДПМНЕ од Скопје. Во претпразнична атмосфера и со многу емоции беа изработени неколку велигденски декорации кои останаа во просториите на дневниот центар. Освен тоа, секој корисник доби и соодветен велигденски подарок.

# Јубилеј – 45 години од основањето на Посебното основно училиште со ученички дом „Маца Ѓ. Овчарова" Велес

Оваа година се навршуваат 45 години од основањето на Посебното основно училиште „Маца Ѓ. Овчарова" во Велес. По повод овој јубилеј беше организирано свечено одбележување во салата „Бели Мугри" со почеток во 18:00 часот.

Одбележувањето започна со изведба на химната на Република Македонија и на Општина Велес од Младинскиот црковен хор „Св. Кирил и Методиј, а потоа следеше обраќање на директорот на училиштето, Лена Гаданец. Учениците од училиштето се претставија со изведби на лични творби, со драматизација на „Дедо Чедо и баба Мара", како и со ритмичка точка „За овој свет".

Во текот на одбележувањето на јубилејот се доделија Плакети за постхумно работење во Посебното основно училиште со ученички дом „Маца Ѓ.Овчарова", а се доделија и Благодарници за особен придонес и развој на ова училиште.

Благодарница беше доделена и на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш

Соработката на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Радовиш со организацијата на жени „Етно вешта жена" продолжува и во 2018 година. Претставници од оваа организација беа во посета на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Радовиш. На средбата, покрај дружењето, корисниците на дневниот центар добија подароци, односно прекрасни блузи кои ги топлеа корисниците во зимскиот период. Средствата за овие подароци беа обезбедени од организирана хуманитарна манифестација „Етно вешта жена" во Струмица по повод новогодишните празници.

На покана на сопствениците на ресторанот МАГ МАРГ, Лепа и Тошо Поцкови од Радовиш, корисниците на дневниот центар беа нивни гости. Имаа прилика да се дружат со сопственичката во пријатна и опуштена атмосфера. Ваков вид на поддршка и прифаќање на лицата со интелектуална попреченост во општествениот живот треба да служи како пример за подигнување на јавната свест за оваа категорија на граѓани.

На 10.2.2018 година во дневниот центар на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш во посета дојде заменик генерален директор на рудникот Бучим, Николајчо Николов. Поводот за оваа посета беше традиционалната определба, неговиот роденден да го прослави заедно со корисниците на дневниот центар. На секој од корисниците им подари финансиски средства и заедно уживаа во роденденската торта.

На покана од ООУ „Крсте Петков Мисирков" дел од корисниците и нивните родители ја проследија театарската претстава „Големи и Мали" подготвена од група ученици од ова училиште.

Во текот на месец март, корисниците на дневниот центар ПОРАКА Радовиш, а на покана на сопствениците го посетија модното фризерско студио УРБАН. Покрај интересната дружба, корисниците имаа можност да ги освежат своите фризури, но и да помогнат во работните обврски во студиото.

Во просториите на дневниот центар ПОРАКА Радовиш во месец март, на покана на директорката на Здравствениот дом во Радовиш, Д-р. Лимонка Илиева, се спроведе систематски преглед на корисниците на дневниот центар. Систематскиот преглед го извршија Д-р. Ана Велкова и медицинската сестра Магдалена



Дамјанска. Тие им измерија крвен притисок на корисниците, потоа висина и телесна тежина, а дополнителни се направи и преглед на крвната слика во Здравствениот дом. По извршените прегледи, докторката даде препораки во однос на здравствената состојба и понатамошно лекување со препишаната терапија. Се надеваме дека оваа соработка ќе продолжи и во иднина.

Корисниците на дневниот центар во пресрет на Велигденските празници го посетија кафулето ГАЛАКТИК, каде беа на заедничко дружење со сопственичката Ивана Конзулова. Уште еднаш благодарение на иницијативата на Ивана, корисниците се вклучија во социјалниот живот во градот, задоволни што беа дел од дневната шема на младите.

Пред почетокот на велигденските празници, односно на 6.4.2018 година во дневниот центар на посета дојде советникот во Општина Радовиш, Горан Поцев заедно со претставници на неговата независна советничка листа. Тие за потребите на дневниот центар донираа прехранбени и хигиенски продукти, како и финансиски средства кои беа уплатени на сметката на ЦПЛИП -ПОРАКА Радовиш кои ќе бидат наменски употребени за континуирано функционирање на сервисната служба. Ваквата донација е за поздравување бидејќи беше на иницијатива на Горан Поцев, и се надеваме дека ќе служи за пример и на други граѓани, како и на бизнис секторот за поддршка на дневниот центар како сервисна служба за граѓаните со интелектуална попреченост во општина Радовиш.





# Наша Страница

## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола

ЦПЛИП - ПОРАКА Битола и социјалниот клуб во изминатиот период редовно и во согласност со планираната програма ги реализираат своите активности. Во јануари, корисниците на социјалниот клуб традиционално ги одбележаа верските празници во текот на месецот, и за секој празник се раскажуваа традициите и обичаите поврзани со нив. Истовремено се реализираа и работилниците за развивање на практични, когнитивни и социјални вештини.





Во текот на месец февруари се спроведоа низа активности и работилници согласно планот за работа. Се спроведе и работилница на која се правеа изработки на тема Св. Трифун - ден на виното. Исто така, се одбележа и верскиот празник Прочка.






Активностите за месец март започнаа со изработка на мартинки. По повод 8 март се корисниците на социјалниот клуб изработија најразлични видови на цвеќиња и честитки од хартија на кои ги напишаа искрените пораки и желби за своите мајки, баби. Се организираше и одбележување на денот на пролетта и деновите на екологијата. Корисниците го чистеа просторот кој е пред социјалниот клуб и засадија неколку видови на цвеќиња и дрвца.



ISSN 0350-5863